Врз основа на член 35 став 2, член 37 став 2 и став 3 и член 43 став 4 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (‘‘Службен весник на Република Македонија’’ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14 , 160/14, 97/15 148/15 и 64/18), а во врска со Одлуките за продажба на одземен недвижен имот донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија бр. 40-536/1, од 16 февруари 2021 год и 40-537/1, од 16 февруари 2021 год, Агенцијата за управување со одземен имот на 22.02.2021 година ги објавува следните:

**ОГЛАС БРОЈ 3/2021**
**ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПРОДАЖБА НА ДВЕ (2) НЕДВИЖНОСТИ НА ТРЕТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ**

**1. З А К Л У Ч О К бр. 08- 732/1 од 19.02.2021 год.**
**за продажба на недвижност со јавно наддавање по електронски пат за**

**Реден број 1.**

1). Се врши продажба на недвижен имот, на трето јавно наддавање по електронски пат, и тоа:
- КП 12079 дел 0, со адреса ГТЦ Заеднички ходник, број на зграда 5, намена на зграда ПОМОШНИ ПРОСТОРИ, влез 1, кат 1, број ХОД, внатрешна површина 157м2, запишани во Имотен лист бр.53572, КО Центар 1, КП 12079 , 4/157, сопственост на Република Северна Македонија - Агенција за управување со одземен имот.
- КП 12079 дел 0, со адреса ГТЦ Локал 11 Д.Е. 584, број на зграда 5, намена на зграда Зграда во останато Стопанство, влез 1, кат 1, број 584, внатрешна површина 57м2, запишани во Имотен лист бр.53571, КО Центар 1, КП 12079, 20/57, сопственост на Република Северна Македонија - Агенција за управување со одземен имот.
-КП 12079 дел 0, со адреса ГТЦ Локал 10 Д.Е. 580, број на зграда 5, намена на зграда Зграда во останато Стопанство, влез 1, кат 1, број 580, внатрешна површина 67м2, запишани во Имотен лист бр.48009, КО Центар 1, КП 12079, 1/1, сопственост на Република Северна Македонија- Агенција за управување со одземен имот.

2) Продажбата на одземениот недвижен имот од член 1 од оваа одлука, да се изврши со јавно наддавање по електронски пат, со почетна цена утврдена согласно проценaта на Министерството за правда – Бирото за судски вештачења CBV-50/2020 од 18.06.2020 година, намалена за една четвртина од проценетата вредност, во износ од 11.618.260,00 денари.

3) Јавното наддавање за недвижноста од заклучокот 1 ќе се изврши електронски на ден 10.03.2021 год., со почеток во 10 часот и ќе трае 15 минути.

4) Разгледување на објектот ќе се врши на ден 25.02.2021 година од 10:00 до 11:00 часот.
5) Објавата на овој оглас трае 15 (петнаесет) дена почнувајќи од 22.02.2021 год. заклучно со 08.03.2021 год., а рокот за поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање е до 08.03.2021 год. до 15:30 часот.

**2. З А К Л У Ч О К бр. 08- 733/1 од 19.02.2021 год.**
за продажба на недвижност со јавно наддавање по електронски пат за

**Реден број 2.**

1). Се врши продажба на недвижен имот, на трето јавно наддавање по електронски пат, и тоа:

- деловен простор кој се наоѓа на ул. Славејко Арсов бр.144 Скопје, број на зграда 1, намена на зграда, деловна зграда вон стопанство, влез 01, кат 01, број 05, со внатрешна површина од 86 м2, КП 2424, КО Центар 2, запишан во Имотен лист бр.19058, сопственост на Република Северна Македонија- Агенција за управување со одземен имот.

2). Продажбата на одземениот недвижен имот од член 1 од оваа одлука, да се изврши со јавно наддавање по електронски пат, со почетна цена утврдена согласно процената на Министерството за правда – Бирото за судски вештачења CB/EL V 71/20-3 од 02.09.2020 година, намалена за една четвртина од проценетата вредност, во износ од 5.292.360,00 денари.

3). Јавното наддавање за недвижноста од Заклучокот 2 ќе се изврши електронски на ден 10.03.2021 год. со почеток во 11 часот и ќе трае 15 минути.

4) Разгледување на објектот ќе се врши на ден 26.02.2021 година од 11:00 до 12:00 часот.

5) Објавата на овој оглас трае 15 (петнаесет) дена почнувајки од 22.02.2021 год. заклучно со 08.03. 2021 год., а рокот за поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање е до 08.03. 2021 год. до 15:30 часот.

**ЗАЕДНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ПРОДАЖБА**

1)Право на учество на јавното наддавање по електронски пат имаат сите физички и правни лица, освен осуденото лице од кого е конфискувана недвижноста, вработените лица во Агенцијата за управување со одземен имот, како и друго лице кое службено учествувало во постапката за продажба.

2)Во цената на предметот не се вклучени дополнителни давачки и трошоци.

3. Продажбата ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање преку системот за електронско јавно наддавање на Агенцијата за управување со одземен имот www.odzemenimot.gov.mk.

4. Објавата на овој оглас трае 15 (петнаесет) дена почнувајки од 22.02.2021 год. заклучно со 08.03. 2021 год

5.Рок за поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање е до 08.03.2021 год. до 15:30 часот.

6. Пријавата за учество на јавното наддавање заедно со потребната документација да се поднесе преку Архивата на Агенцијата за управување со одземен имот, за што претходно задолжителна е електронска регистрација на следниот линк http://odzemenimot.gov.mk/razno/registracija.aspx
и задолжително електронско пријавување за предметот за кој ќе се врши наддавањето. (Пријавата може да се подигне од архивата на Агенцијата за управување со одземен имот или да се симне на web страната http://www.odzemenimot.gov.mk ). (Образец - Пријава за продажба на недвижност по пат на електронско јавно наддавање која понудувачите ја поднесуваат по писмен пат..)

7. Пријавата за учество во хартиена форма со потребната документација ((- Доказ за платен депозит- уплатница (оргинал или заверена на нотар) при што уплатата да се изврши исклучиво од трансакциската сметка на понудувачот,- Доказ за идентитет: копија од лична карта или патна исправа за физички лица, - тековна состојба од Централен регистар на Р.С.М за правни лица (оргинал или заверена на нотар))
преку архивата на Агенцијата за управување со одземен имот се приложува во

затворен внатрешен плик кој го содржи називот на пријавениот кандидат со целосна и точна адреса. Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој е адресиран со точна адреса на договорниот орган, го содржи бројот на огласот и редниот број, во горниот лев агол стои назнака „не отворај" , да не се отвара пред времето и датумот за отворањето.

8.За подносителите со комплетна документација Комисијата за продажба во рок од три дена од истекот на рокот за поднесување на пријавите, ќе ги извести потенцијалните купувачи , дека имаат право да учествуваат на електронското јавно наддавање.

9. Лицата заинтересирани за купување на недвижноста ќе може да учествуваат на електронското јавно наддавање доколку положат гаранција во висина од 10 % од утврдената вредност на некоја од недвижностите од точките 1) и 2), на овој заклучок, на буџетска сметка 100000000063095 при НБРМ подсметка (сметка на буџетски корисник) 040136140969619 ,приходна шифра 722115 програма 20. На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

10. Јавното надавање нема да се одржи доколку се јави само еден понудувач.

11. Условите за продажба и постапката за начинот на наддавање можат да се видат на http://www.odzemenimot.gov.mk/oglasi.aspx во делот Упатство за лицитирање.

12.По завршување на електронското јавно надавање записникот за спроведеното јавно надавање се доставува до сите учесници кои учествувале на електронското јавно наддавање.

13. Најповолниот понудувач- Купувачот е должен цената да ја положи во рок од 15 дена по заклучувањето на јавно надавање по електронски пат, во Буџетот на Република Македонија на буџетка сметка 100000000063095 при НБРМ, подсметка (сметка на буџетски корисник) 040136140969619, приходна шифра 722115 програма 20, намалена за положената гаранција. Доколку купувачот не ја уплати цената во рок од 15 (петнаесет) дена од заклучувањето на јавното наддавање ќе се смета дека купувачот се откажал од предметот на продажбата и внесената гаранција ќе служи за покривање на трошоците на јавното наддавање.

14. Данокот на промет на недвижноста паѓа на товар на купувачот.

15. По уплатата на цената на недвижноста, Агенцијата во рок од три дена донесува заклучок за извршена продажба кој претставува правна основа за стекнување на правото на сопственост.

16. По извршената уплата на цената од страна на купувачот, во рок од осум дена Агенцијата донесува заклучок за предавање на недвижноста во владение на купувачот.

17. На недвижностите од точка 1) и 2) од овој заклучок не постои законско или укнижено право на уживање или укнижено право на станување (домување), како и полски и куќни службености. Овие заклучоци се објавуваат во ‘‘Службен Весник на Република Северна Македонија’’, во дневните весници „Слободен печат„ и „Лајм„ и на интернет страницата на Агенцијата за управување со одземен имот .

18.Информации во врска со продажбата, заинтересираните купувачи може да добијат на телефон 3254-380.

Агенција за управување со одземен имот

Директор

Фатон Асани